# Вежби за минато идно време

А. Создадете прашални и одречни реченици од дадените расказни реченици.

1. Баба ми секој ден ќе пиеше по малку ракија.

2. На собирот ќе имаше околу триесетина души.

3. Ќе успеевте, да работевте совесно.

4. Ќе ја згазеа женана.

Б. Преведете ги следните реченици од македонски на англиски.

1. Не ќе беше лошо да си појдевме.

2. За малку ќе те удрев!

3. Да знаевме дека ќе дојдеш, ќе ти постелевме.

©2008 Macedonian Language E-Learning Center

4. Кога поминав од таму, таа се подготвуваше, ќе одеше на забава.

5. Кога бевме мали, со мајка ми ќе одевме на пазар пред ручек.

В. Ставете ги глаголите во сегашно време во МОН или МОС, а тие во идно време ставете ги во минато идно време. (од Киро Глигоров: „Македонија е сé што имаме)

1. Тој има своја тактика во настапите: обично ќе земе збор на крајот од дебатата, ќе го извади нотесот во кој уште од порано напишал 30-40 страници, ќе ги прочита, ќе праша има ли некој нешто против...

2. Кога ќе добијам покана за седница и матерјалите во неа, ќе ги разгледам и ќе појдам на седница.